Fact Sheet

# Заштита на околината

Ако фрлате погрешни работи во вашите водоводни цевки, тоа може да предизвика оштетување на системот што ги заштитува нашата локална околина, потоците, реките и океаните. Ако ги фрламе само дозволените работи во канализацискиот систем, можеме значително да ја намалиме опасноста од затнувања и опасни излевања, како и да осигураме дека водата што доаѓа до нашите постројки за прочистување е соодветна за да биде преработена и потоа безбедно испуштена пак назад во околината.

**Што е тоа канализациска вода?**

Тоа е целата вода што истекува од одводот во кујнското лавабо, тушот, бањата и пералната и се што се пушта низ клозетската школка.

**Најчести проблеми**

Најчестиот проблем со канализациските цевки се затнувањата.

Повеќе од 25 проценти од сите затнувања во системот на компанијата Yarra Valley Water настануваат поради фрлање на погрешни работи во лавабоата, одводите и клозетите.

Затнувањата може да предизвикаат излевање на канализацијата во околината, во вашата градина, па дури и во вашиот дом.

**Што можам да сторам?**

Сите ние можеме да одиграме улога во постапката за прочистување со тоа што ќе бидеме свесни за нашите сопствени постапки и со тоа што ќе сфатиме дека тоа каква канализациска вода создаваме вистински влијае на постапката за прочистување и на околината.

**Ставете цедалка во лавабото**

Се што истекува низ лавабото во кујната, пералната и бањата или што е пуштено во клозетот завршува во канализацискиот систем.

Мрсотии, масла, остатоци од храна и други отпадоци од домаќинствата фрлени во вашето лавабо може да предизвикаат затнување на цевките под вашиот дом или цевките на компанијата Yarra Valley Water.

Користењето на цедалка во вашите лавабоа ќе спречи сите материјали што може да се залепат на страните на цевките да истечат низ одводот.

**Не фрлајте хемикалии**

Производите како што се моторните масла, бои, пестициди, пластика и други производи што не се разложуваат по природен пат не може да се преработуваат и не треба да стигнат во канализацискиот систем зашто може да содржат хемикалии што може да и наштетат на постапката за прочистување.

Можете да помогнете да се заштити околината и со тоа што најголемиот дел од вашите производи и хемикалии од домаќинството нема да ги фрлите во канализацискиот систем.

**Постапка за прочистување на канализациската вода**

Канализациската вода се собира преку нашата мрежа од цевки и пумпни станици пред да биде префрлена до постројка за прочистување каде што се отстрануваат отпадоците и бактериите.

Web: www.yvw.com.au Email: enquiry@yvw.com.au General Enquiries Telephone: 131 721 TIS: 131 450
Yarra Valley Water Ltd, Lucknow Street, Mitcham. Private Bag 1, Mitcham Victoria 3132

Пред да биде повторно пуштена назад во околината, прочистената вода мора да ги задоволи напатствијата за дозвола од Органот за заштита на околината (Environment Protection Authority).

**Дали сум одговорен за било кој дел од канализацискиот систем?**

Да. Вие сте одговорни за сите цевки и арматури на вашиот имот се до точката на спојување со цевките на компанијата Yarra Valley Water (обично во близината на меѓата на вашиот имот).

Тоа значи дека вие сте одговорни за сите трошоци за поправки, замени или одржување поврзани со поправката на цевките до таа точка.

**Работи што треба да ги запомните**

Можете да и помогнете на околината и да го сочувате вашиот дом ако ги преземете следните едноставни чекори за да ги чувате нашите канализациски цевки во добра состојба:

- Не истурајте масло за готвење или масти во мијалникот. Избришете ги мрсните тенџериња и тави со хартиена крпа и фрлете ја мрсната хартија во кантата за ѓубре.
- Не фрлајте лекови, боја, пестициди или други опасни хемикалии во одводот. Прашајте во вашата локална аптека или Општина за совет во врска со тоа како да ги фрлите наведените материи.
- Не фрлајте памучни стапчиња за чистење уши, бебешки пелени, кондоми, санитарни производи или нивните опаковки во клозетот. Фрлете ги во вашата канта за ѓубре.
- Користете помалку прашок за перење. Просечното домаќинство троши трипати повеќе прашок за перење отколку што препорачуваат производителите.
- Одберете прашок за перење со мала содржина на соли. Концентрираните прашоци често содржат многу помалку соли од обичните видови. Премногу соли во канализацискиот систем значат дека ние не можеме да ја преработуваме водата.
- Научете како да ги претворате вашите отпадоци од храна во ѓубре за земјата.

**За повеќе информации**

Интернет.................................................................. www.yvw.com.au

За преведени информации притиснете на

Your Language

Телефон ..................................................................................... 13 2989

Информативна служба за превод
на други јазици (TIS) ................................................................ 13 1450